# БЕЗБЕДНОСНА ПРОВЕРКА НА СТРАНСКИ ВОЗДУХОПЛОВИ (SAFA ПРОГРАМА)

## ВОВЕД

Овој материјал ја објаснува Програмата на Европската Комисија за безбедносна проверка на странски воздухоплови и улогата и обврските на Европската агенција за воздухопловна безбедност (EASA) во неа.

## МЕЃУНАРОДНИ УСЛОВИ

Меѓународното цивилно воздухопловство се регулира со Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство (Чикашка Конвенција). Согласно оваа Конвенција, Меѓународната организација за цивилно воздухопловство (ICAO), специјализирана Агенција на Обединетите Нации ги поставува минималните стандарди и препорачани практики за меѓународното цивилно воздухопловство. Овие стандарди се содржани во 18-ете Анекси на Конвенцијата. Секоја од земјите останува одговорна за регулирањето на својата воздухопловна дејност, но мора да гиземе предвид условите кои ги поставува Конвенцијата и минималните стандарди утврдени од страна на ICAO.

Главните стандарди кои важат за авиопревозниците се содржани во три од осумнаесетте Анекси.

- Анекс 1 се однесува на издавањето дозволи, вклучително со оние за летачките екипажи,
- Анекс 6 се однесува на работата со воздухопловите,
- Анекс 8 се однесува на пловидбеноста.

Одговорноста за имплементацијата на Анексите 1 и 8 почива на земјата на регистерот, односно на земјата во којашто воздухопловот е регистриран. Одговорноста за спроведувањето на Анекс 6 почива на земјата на операторот, односно земјата во којашто авиопревозникот има свое седиште. Често земјата на операторот и земјата на регистерот е истата земја, бидејќи авиопревозниците сакаат да работат со воздухоплови кои се регистрирани во земјата кадешто тие имаат свое седиште.

Значителното зголемување на обемот на воздушниот сообраќај во последниве децении им го отежна на многу земји вршењето на надзор на авиопревозниците во однос на нивната исполнителност согласно Чикашката Конвенција. За да се сочува довербата во системот, како и за да се заштитат интересите на европските граѓани кои живеат во близина на аеродроми или патуваат со воздухоплови на трети земји, Заедницата ја согледа потребата за ефикасно спроведување на меѓународните стандарди за безбедност во рамките на Заедницата. Ова се прави преку спроведување на прегледи на платформа на воздухоплови на трети земји кои слетуваат на аеродроми во земјите членки на ЕУ. Званична дефиниција на изразот „воздухоплов на трета земја“ гласи: Тоа е воздухоплов кој не се користи

или со кого што не се врши сообраќај под контрола на надлежен орган на земја членка на Заедницата.

## ШТО Е SAFA ПРОГРАМАТА?

Принципите на Програмата се едноставни: во секоја земја членка на ЕУ и оние земји кои имаат склучено Работен аранжман за SAFA со EASA(*), воздухопловите на трети земји се подложни на инспекциски надзор. Овие инспекции се вршат според процедура која е заедничка за сите земји членки, а извештајот за истите се изготвува со користење на заедничкиот формат. Доколку инспекцискиот надзор констатира значителни нерегуларности, за истите се известува авиопревозникот и надлежниот орган. Тогаш кога нерегуларностите имаат непосредно влијание на безбедноста, инспекторите имаат право да бараат поправно дејство пред да му дозволат на воздухопловот да замине.

(*) Земјите членки коишто се вклучени во SAFA Програмата се: Албанија, Австрија, Азербеџан, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Велика Британија, Грузија, Германија, Грција, Данска, Ерменија, Естонија, Италија, Ирска, Исланд, Кипар, Летонија, Литванија, Луксембург, Малта, Молдавија, Монако, Македонија, Норвешка, Полска, Португалија, Романија, Србија, Словачка, Словенија, Турција, Украина, Финска, Франција, Холандија, Чешка, Шпанија, Шведска, Швајцарија.

Сите доставени податоци се чуваат во компјутеризираната база на податоци која ја воспостави EASA. Во базата за податоци, исто така, има дополнителни информации, како нпр. листи на дејства кои се преземаат по извршени инспекции. Информациите кои се чуваат во оваа база на податоци редовно се прегледуваат и анализираат од страна на EASA. Европската Комисија и земјите членки редовно се информираат за сите откриени потенцијални опасности. Во име на и во тесна соработка со Европската Комисија, EASA ќе подготви квалитетни критериуми со цел да се постигне пофокусиран пристап во однос на приоритетите на SAFA инспекциите.

Иако постои правна обврска за вршење на инспекции на воздухоплови на трети земји, земји членки можат да вршат инспекции и на воздухоплови на други земји членки кои се дел од SAFA Програмата.

Важно е да се знае дека SAFA инспекциите се ограничени на проверки на самото место и дека истите не можат да бидат замена за редовната регулаторна контрола. Инспекциите на платформа служат како показатели и тие не можат да ја гарантираат пловидбеноста на одреден воздухоплов.

## КАКО Е ОРГАНИЗИРАНА И КОИ СЕ ГЛАВНИТЕ ЧИНИТЕЛИ?

Во SAFA Програмата учествуваат многу чинители и тоа: Европската Комисија, EASA, земјите членки на ЕУ и EUROCONTROL. Тие редовно ги посетуваат состаноците на Комитетот за воздухопловна безбедност и оние на европската експертска група за SAFA.

Европската Комисија ја носи целата одговорност и има законодавни овластувања. EASA е одговорна за некои конкретни извршни задачи, кои се наведени во

Регулативата 768 на Комисијата (во однос на прибирање и размена на информации за безбедноста на воздухопловите кои ги користат аеродромите на Заедницата, како и за управувањето со информацискиот систем). Конкретната улога и одговорноста на EASA во SAFA Програмата на ЕК се:

- да прибира со помош на централизираната база на податоци на инпекциските извештаи на земјите членки кои се вклучени во SAFA Програмата;

- да ја одржува и понатаму да ја развива централизраната база на податоци;

- да ги анализира сите релевантни податоци во врска со безбедноста на воздухопловите и нивните оператори;

- да пријавува во Европската Комисија и земјите членки потенцијални безбедносни проблеми во воздухопловството;
- да ги известува Европската Комисија и земјите членки за последователно преземените дејства;

- да советува во врска со идниот развој и стратегијата на SAFA Програмата;

- да изготвува процедури за SAFA;

- да изготвува програми за обука и да го потпомага нивното организирање и спроведување.

Врз основа на нејзината техничка стручност, EASA и помага на ЕК во однос на спроведувањето на SAFA Програмата во Заедницата и како таква води грижа да се преземаат соодветни последователни мерки, врз основа на извршените инспекции.

Земјите членки на ECAC кои се вклучени во SAFA Програмата (без разлика дали се земји членки на ЕУ или не се, а коишто имаат склучено Работен ангажман со EASA) имаат обврска да вршат SAFA прегледи на платформа на воздухоплови на трети земји кои летаат до нивните земји. Исто така, кога е потребно, освен доставувањето на резултатите од инспекциите до другите учесници на SAFA Програмата, тие имаат обврска да преземаат соодветни поправни мерки.

Организацијата EUROCONTROL доставува информации во врска со плановите на летање до земјите членки, ЕК и EASA, во однос на воздухопловите кои се предмет на оперативна мерка, односно забрана.

Земјите членки на ЕУ се застапени во Комитетот за воздухопловна безбедност и имаат (законодавна) советодавна улога, особено преку вршењето на следниве задачи:

- помагањето на Европската Комисија во однос на усвојувањето на усогласени мерки кои треба да се спроведуваат со цел да се зголеми ефикасноста на SAFA Програмата, како на пример одобрувањето на SAFA процедурите;

- помагањето на Европската Комисија во однос на одлуките кои се поврзани со поправните мерки кои се преземаат во однос на конкретни оператори или оператори на конкретни трети земји (Листата на Заедницата).

Во Европската раководна експертска група за SAFA се застапени и земјите на ECAC кои не се членки на ЕУ, а коишто се вклучени во SAFA Програмата заедно со земјите членки на ЕУ и имаат (техничка) советодавна улога, особено преку вршењето на следниве задачи:

- Помагање на Европската Комисија (во улога на консултант) во врска со предлози на EASA пред нивното поднесување до Европската раководна експертска група за SAFA, во однос на севкупната методологија за безбедносен надзор на SAFA Програмата, можните дејства кои треба да се преземат во конкретни безбедносни ситуации и препораки за понатамошен развој на SAFA Програмата, вклучувајќи ги измените на SAFA процедурите:

- Доставување до Комисијата на повратна информација после спроведувањето на SAFA Програмата во нивната земја:

- Ревизија и реагирање во однос на анализата на базата на податоци на SAFA кои EASA треба редовно да ги врши.

## КОИ ВОЗДУХОПЛОВИ И ОПЕРАТОРИ СЕ ПРОВЕРУВААТ И КОЛКУ ЧЕСТО?

Надзорните органи на земјите членки кои се вклучени во SAFA Програмата одбираат кои воздухоплови ќе се проверат. Некои органи вршат инспекции по случаен избор, а други посебно се фокусираат на одредени воздухоплови односно авиопревозници за коишто се сомневаат дека не ги исполнуваат стандардите на ICAO. Во секој случај, се врши инспекција само на мал дел од воздухопловите на трети земји кои вршат сообраќај до земјите членки на ЕУ.

Зависно од обемот на летови на воздухоплови на трети земји и од бројот на инспектори во секоја земја членка, бројот на инспекции може да варира од релативно малку до неколку стотини во годината.

## ШТО СЕ ПРОВЕРУВА?

Проверки може да се вршат на :

- дозволи на пилоти;

- процедури и прирачници што се носат во пилотската кабина;

- исполнителноста на тие процедури од страна на летачкиот и кабинскиот персонал;

- безбедносната опрема во пилотската кабина и во патничката кабина;

- товарот кој се носи со воздухопловот; и
- техничката состојба на воздухопловот.

## КАКО СЕ ВРШАТ ПРОВЕРКИТЕ?

За време на SAFA преглед на платформа се користи контролна листа со 54 инспекциски ставки. Бидејќи времето помеѓу пристигнувањето и заминувањето може да не биде доволно за да се помине цалата контролна листа, може да не се проверат сите 54 ставки. Начело на SAFA е да не се предизвикува доцнење на воздухопловите, ако нема безбедносни причини за тоа.

Од времето на отпочнувањето на Програмата во 1996 година како доброволна програма на ECAC, до 2007 година, земјите членки имаат извршено 37,000 SAFA инспекции.

## РЕЗУЛТАТИ

Јасно е дека сите покрупни наоди веднаш се испраќаат до сите засегнати страни. Во случаите на посериозни наоди, надзорниот орган на земјата членка која го вршела прегледот на платформа, контактира со надзорниот орган на другата земја која е надлежна за авиопревозникот, ги пренесува своите наоди и бара да се извршат неопходните поправни мерки. Надзорниот орган, исто така, ги информира капетанот на воздухопловот и седиштето на авиопревозникот.

Тогаш кога наодите директно влијаат на безбедноста на воздухопловот, на патниците и на екипажите, надлежниот орган на земјата која ја вршела инспекцијата може да бара итно безбедносно дејство, пред полетувањето на воздухопловот. Доколку за поправка на недостатоците е потребно повеќе време или треба да се изврши на друг аеродром, органот на земјата што ја извршила инспекцијата има право, во соработка со земјата која е одговорна за работењето на односниот воздухоплов или со земјата на регистерот на воздухопловот, да донесе одлука да одобри позиционен лет (лет без патници и товар кој се упатува на конкретна дестинација) и, исто така, да пропише посебни услови под коишто на воздухопловот му се дозволува да лета до конкретниот аеродром.

Воопшто, сите резултати од инспекциите треба да се испратат од страна на земјата којашто го вршела инспекцискиот надзор до другите земји на ЕУ и до Европската Комисија.

Секогаш кога инспекцијата ќе покаже постоење на потенцијална опасност за безбедноста, или дека некој воздухоплов не се придржува на меѓународните стандарди за безбедност и може да претставува потенцијална опасност за безбедноста, инспекцискиот извештај треба неодложно да се испрати до секоја земја членка на ЕУ и до Европската Комисија. Согласно Регулативата 2111/2005 (утврдување на листа на Заедницата на воздухоплови кои имаат забрана за летање во рамките на Заедницата), а врз основа на разни други извори на информации, Европската Комисија има право да донесе одлука за оперативна

забрана за летови во Заедницата. Повеќе детали за ова може да се најдат на интернет страната на Европската Комисија.

## КОНТАКТИ ВО ВРСКА СО SAFA ИНСПЕКЦИИТЕ

Сите прашања кои се поврзани со одреден преглед на платформа (нпр. последователни дејства, барања за појаснување и сл.) треба да се упатуваат до надлежниот орган кој ја извршил инспекцијата.

## ПОЗИТИВНИТЕ ПРОПИСИ ЗА SAFA

Директива 2004/36/ЕС

На 21 април 2004 година беше усвоена нова Директива 2004/36/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот за безбедноста на воздухоплови на трети земји кои ги користат аеродромите на Заедницата, објавена во Службениот весник L 143 од 30 април 2004 година и изменета со Регулативата 2111/2005, Службен весник L 344 од 27 декември 2005 година, заради спроведување на меѓународните стандарди за безбедност во Заедницата, преку прегледи на платформа на воздухоплови на трети земји на аеродроми во Заедницата. Оваа Директива се вика SAFA Директива. Таа предвидува барање за земјите на ЕУ да вршат инспекции и како такви да учествуваат во SAFA Програмата. Регулативата 2111/2005 за Утврдување на листа на Заедницата на авиопревозници кои се предмет на оперативна забрана во Заедницата и за информирање на патниците во воздушниот сообраќај за идентитетот на авиопревозникот кој го врши летот, предвидува процес на донесување одлука за забрана на летање на авиопревозник во европскиот воздушен простор, од безбедносни причини. Ваквите авиопревозници потоа се појавуваат на листа која се вика „Листа на Заедницата“.

## ДИРЕКТИВА НА КОМИСИЈАТА 2008/49/ЕС

Директивата на Комисијата 2008/49/ЕС од 16 април 2008 година со која се внесуваат измени во Анекс II на Директивата 2004/36/ЕС на Еверопскиот Парламент и на Советот во врска со критериумите за вршење на прегледи на платформа на воздухоплови кои ги користат аеродромите на Заедницата.

## РЕГУЛАТИВА НА КОМИСИЈАТА (ЕС) БР. 768/2006

Европската Комисија усвои нова Регулатива на 19 мај 2006 година (Регулатива (ЕС) Бр. 768/2006, објавена во Службен весник L 134/16 од 20 мај 2006 година), со којашто се имплементира Директивата 2004/36/ЕС на Европскиот Парламент и на Советот во однос на прибирањето и размената на информации за безбедноста на воздухопловите кои ги користат аеродромите на Заедницата и за управување со информацискиот систем. Оваа Регулатива претставува правен инструмент при што EASA станува правно одговорна за координацијата на SAFA Програмата од 1 јануари 2007 година.

Збирни извештаи

Регулативата на Комисијата 768/2006 ја обврзува EASA да и подготвува на Комисијата на годишна основа предлог за јавен збирен извештај во врска со информациите прибрани од земјите членки, согласно Директивата 2004/36/ЕС. Збирниот извештај Европската Комисија го објавува на сите ЕУ јазици.

## РАБОТНИ АРАНЖМАНИ

Регулативата (ЕС) Бр. 768/2006 бара од EASA да врши одредени конкретни раководни задачи кои се поврзани со SAFA Програмата. Исто така, оваа Регулатива на Комисијата им дава задолженија на земјите членки на ЕУ. Земјите на ECAC кои не са членки на ЕУ, а коишто сакаат да продолжат да учествуваат во SAFA Програмата и коишто порано учествувале во доброволната SAFA програма на ECAC, потпишаа Работни аранжмани со EASA. Тоа се следниве земји:

- Албанија;
- Азербеџан;
- Ерменија;
- Босна и Херцеговина;
- Хрватска;
- Грузија;
- Исланд;
- Македонија;
- Молдавија;
- Монако;
- Норвешка;
- Србија;
- Швајцарија;
- Турција;
- Украина

## ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД

Во 1996 година ECAC ја активираше доброволната SAFA Програма. Од земјите членки на ECAC кои учествуваа во Програмата се побара да вршат прегледи на платформа на странски воздухоплови кои летаат до нивната територија. Оперативното управување со SAFA Програмата го вршеше придружното тело на ECAC – Здружените воздухопловни власти (JAA).

Секоја година ECAC објавуваше извештај за јавноста со преглед на крупните одредници на оваа Програма.